Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и десеттата на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и десеттата на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 18 декември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:25 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кернар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фатмир Меџити, министер за здравство.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Дополнет предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година

2. Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, како дел од буџетската документација

3. Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024-2026 (со изгледи до 2028 година)

4. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за изменување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа Дополнетиот предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година, го утврди и заклучи согласно член 180-а, став (4) од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

### Точка 2

Владата ја разгледа Ревидираната фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, како дел од буџетската документација, ја донесе и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Ревидираната стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024-2026 (со изгледи до 2028 година), ја донесе истата и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за изменување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 6**

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 10:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr.Artan Grubi**